Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАШТИТА ОД ЕКСПЛОЗИВНИ МАТЕРИИ**

Се прогласува Законот за изменување на Законот за заштита од експлозивни материи,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 26 февруари 1993 година

Број 08-822/1
26 февруари 1993 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Киро Глигоров,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Стојан Андов** с.р.

**З А К О Н**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАШТИТА ОД ЕКСПЛОЗИВНИ МАТЕРИИ**

Член 1

Во Законот за заштита од експлозивни материи („Службен весник на СРМ“ бр. 4/78, 10/78, 51/88 и 36/90) во членот 7 став 1 зборовите: „вооружените сили на Социјалистичка Федеративна Република Југославија“ се заменуваат со зборовите: „одбраната на Република Македонија“.

Член 2

Во член 9 став 2, член 42 и член 67 став 1 точки 1 и 11 зборот „самоуправен“ се брише.

Член 3

Во член 12 зборовите: „организации на здружен труд од областа на образованието“ се заменуваат со зборовите: „образовни организации“, а зборовите: „општонародната одбрана“ се заменуваат со зборот: „одбраната“.

Член 4

Во член 18 и член 53 зборовите: „Републичкиот секретаријат за урбанизам, станбени и комунални прашања“ се заменуваат со зборовите: „Министерството за урбанизам, градежништво, сообраќај и екологија“.

Член 5

Членот 32 се менува и гласи:

„Министерството за внатрешни работи е должно посредно или непосредно да го следи превозот на експлозивните материи и во секое време да ја знае приближно неговата позиција, а по потреба и да му обезбеди полициска придружба за поминување низ населени места или делови од јавните патишта со поинтензивен сообраќај“.

Член 6

Во член 33 став 2 зборот „Социјалистичка“ пред зборовите „Република Македонија“ се брише.

Член 7

Во член 58 зборовите: „општински орган на управата надлежен за урбанизам“ се заменуваат со зборовите: „Министерството“ за урбанизам, градежништво, сообраќај и екологија“.

Член 8

Во членовите 20, 55, 59 и 72 став 1 зборовите: „Републичкиот секретаријат за индустрија и трговија“ се заменуваат со зборовите: „Министерството за стопанство“.

Член 9

Во член 63 зборовите: „вршат општинските органи на управата надлежни за внатрешни“ се заменуваат со зборовите: „врши Министерството за внатрешни работи“.

Член 10

Во член 66 ставови 1 и 3 зборовите: „Републички Секретаријат за внатрешни работи“ се заменуваат со зборовите: „Комисијата на Владата на Република Македонија“.

Член 11

Во член 67 став 1 зборовите: „2.500 до 25.000 динари“ се заменуваат со зборовите: „50 до 100 плати“.

Во став 2 зборовите: „600 до 2.500 динари“ се заменуваат со зборовите: „пет до петнаесет плати“.

Член 12

Во член 68 став 1 зборовите: „2.000 до 20.000 динари“ се заменуваат со зборовите: „30 до 80 плати“.

Во став 2 зборовите: „500 до 2.000 динари“ се заменуваат со зборовите: „три до десет плати“.

Член 13

Во член 69 зборовите: „600 до 2.500 динари“ се заменуваат со зборовите: „една до две плати“.

Член 14

Во член 70 став 1 зборовите: „припадниците на милиција“ се заменуваат со зборот: „полицајците“.

Во став 3 зборовите. „народната одбрана“ се заменуваат со зборот „одбраната“, а зборот „општествена“ се заменува со зборот „државна“.

Член 15

Во целиот текст на Законот зборовите: „Републичкиот секретаријат за внатрешни работи“ се заменуваат со зборовите: „Министерството за внатрешни работи“, а зборовите: „Републичкиот секретаријат за народна одбрана“ се заменуваат со зборовите: „Министерството за одбрана“.

Член 16

Во целиот текст на Законот зборовите: „општинскиот орган на управата надлежен за внатрешни работи“ се заменуваат со зборовите: „Министерството за внатрешни работи“.

Член 17

Во целиот текст на Законот зборовите: „организациите на здружениот труд“ и „организацијата“ во различен член и број се заменуваат со зборовите: „претпријатијата“ во соодветен член и број.

Член 18

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањто во „Службен весник на Република Македонија“.